Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 151/0306
22.09 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 11.09.2026 година, врз основа на примена жалба од **Мартин Јовчески**, го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

За текстот и фотографијата на Фејсбук профилот на Канал 5, објавени на 23.08.2026 г., со наслов ПОСЛЕДНА ЗАДУТРЕШНА ВЕСТ!, а во кој се критикува политичарот Димитар Апасиев во сатиричен стил и со помош на вештачка интелигенција, не може да се утврди прекршување на членови од Кодексот на новинарите на Македонија.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 24.08.2026 г., упати жалба за текстот и фотографијата на Фејсбук профилот на Канал 5, објавени на 23.08.2026 г., а со наслов ПОСЛЕДНА ЗАДУТРЕШНА ВЕСТ! и во кој се критикува политичарот Димитар Апасиев во сатиричен стил и со помош на вештачка интелигенција.

Жалителот ја оспорува содржината од аспект на авторските права, односно можен плагијат, како и поради начинот на употреба на вештачката интелигенција.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

Во предвидениот рок до СЕММ беше доставен одговор од директорот на „Канал 5“, Иван Мирчевски, во кој тој наведува дека нема намера да продолжи со комуникацијата со Советот. Мирчевски ја оспорува и смислата на предложената медијација, сметајќи дека жалителот нема никаква врска со предметниот текст, но не се осврнува на конкретните наводи во жалбата. Со оглед на ваквиот одговор, не беа создадени услови за медијација и предметот беше разгледан врз основа на доставените материјали.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека за текстот и фотографијата на Фејсбук профилот на Канал 5, објавени на 23.08.2026 г., а со наслов ПОСЛЕДНА ЗАДУТРЕШНА ВЕСТ!, во кои се критикува политичарот Димитар Апасиев во сатиричен стил и со помош на вештачка интелигенција, не може да се утврди прекршување на членови од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата изразува загриженост дека начинот на кој управителот Иван Мирчевски настапува преку каналите на „Канал 5“ ја замаглува границата меѓу неговите лични ставови и уредувачката позиција на медиумот. Раководната функција носи посебна одговорност за професионалната комуникација, јавниот интерес и почитувањето на самостојноста на

уредништвото. Во таа смисла, и односот кон механизмите на саморегулација треба да се темели на аргументирана расправа и заемно почитување.

Сепак, ваквата оценка на постапувањето на управителот не може да ја замени обврската за конкретната жалба да се утврди повреда на определена одредба од Кодексот. Одлуката се заснова врз оспорената содржина и доставените докази, а не врз општата оценка за однесувањето на нејзиниот автор.

Во конкретниот случај, земајќи ги предвид правото на коментар и сатира, како и јасното означување на сатиричниот карактер и употребата на вештачка интелигенција, Комисијата не утврди доволна основа за прекршување на Кодексот. Во тој контекст беше оценета и употребата на насловот и логото на „Фокус“, која, разгледана заедно со наведените ознаки, не беше оценета како доволна основа за утврдување манипулативно претставување на содржината.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Тамара Чаусидис, Снежана Трпевска, Жана Божиновска, Сефер Тахири, и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Тамара Чаусидис

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595